Australian Government
Services Australia

MACEDONIAN

# Почнете да користите myGov

myGov е едноставен и безбеден начин да имате пристап кон владини служби онлајн, сите на едно место.

## Што може да правите со myGov сметка

- Да ја поврзете вашата myGov сметка со владините служби како што се Medicare, Centrelink и Australian Taxation Office. Тогаш можете да правите нешта како што се да ја поднесете даночна пријава, да барате исплати, да пријавите приход и да управувате со вашиот „super“, сè на едно место.
- Може да добивате пораки од некои поврзани (linked) владини служби во вашиот myGov Inbox.
- Откако ќе влезете во вашата myGov сметка, од вашата персонализирана почетна страница можете да ги видите вашите пораки во Inbox, некои исплати и вашите поврзани служби на едно место.
- Можете во секое време да пребарувате на myGov за да видите информации за владини исплати и услуги во врска со важни настани во вашиот живот, поради што ќе ви биде полесно да ја најдете поддршката што ви е потребна.

### Download (Преземете) ја апликацијата myGov app

Апликацијата myGov app е безбедна и практична можност да ја користите myGov на вашиот мобилен телефон.

Дознајте повеќе и преземете ја app (апликацијата) на **my.gov.au/app**

## Како да отворите myGov сметка

Треба да имате ваша сопствена имејл адреса или Digital Identity (дигитален идентитет). Следете ги следните чекори за да отворите сметка со имејл адреса.

1. Одете на **my.gov.au** и одберете **Create account**.
2. Одберете **Continue with email** и прифатете ги условите за користење и privacy notice (забелешката за приватност).
3. Внесете ја вашата имејл адреса. Иста имејл адреса не може да се користи за две myGov сметки. Ако имате заедничка имејл адреса со некој друг, само еден од вас може да ја користи за да отвори myGov сметка.
4. Внесете го кодот што го пративме на вашата имејл адреса.
5. Внесете го бројот на вашиот мобилен телефон и внесете го кодот што ви го пративме. Ако вашиот мобилен апарат или мобилен телефон нема врска, преминете на следниот чекор.
6. Внесете лозинка и повторно внесете ја лозинката. Таа мора да има 10 знакови од кои најмалку 1 буква и 1 бројка. Лозинките се „case sensitive“ (има разлика дали се активира командата за големи и мали букви), може да има празен простор меѓу буквите и бројките, и да вклучуваат било кој од следните знакови: ! @ # $ % ^ & *
7. Одберете 3 тајни прашања и одговори, или запишете ваши. Не е важно дали при внесувањето на одговорите употребувате мали или големи букви.

8. Вие сте отвориле ваша myGov сметка!

Заради ваша безбедност, кога ќе завршите не заборавајте да се одјавите од вашите поврзани услуги и myGov сметката, и затворете го вашиот пребарувач.

## Дали ви треба помош?

- Ако ви треба помош при користењето на myGov или за да влезете во myGov, јавете се на **132 307** и одберете ја **опцијата 1** за одделот за помош на myGov кој работи:
  - Понеделник до петок од 7:00 наутро до 10:00 навечер
  - Сабота и недела од 10:00 наутро до 5:00 попладне.
- Ако сте надвор од Австралија, јавете се на **+61 1300 169 468** и одберете ја **опцијата 1**. Се наплатува по тарифата за меѓународни разговори.
- За детални чекори како да се поврзете со служби и како да се служите со вашата myGov сметка, одете на **my.gov.au/help**
- Следете нè на Twitter на @**myGovau**
- Гледајте myGov видеа на **youtube.com/mygovau**

Забелешка: повиците од вашиот домашен телефон на броеви што почнуваат со „13“ од било каде во Австралија се наплатуваат по фиксна тарифа. Таа тарифа може да е различна од цената на локален разговор и може да се разликува од една до друга телефонска компанија. Повиците на броеви што почнуваат со „1800“ од вашиот домашен телефон се бесплатни. Времетраењето на повиците од јавни и од мобилни телефони може да биде мерено и наплатено по повисока тарифа.

## Оградување

Информациите во оваа публикација се само водич за исплати и услуги. Ваша одговорност е да одлучите дали сакате да побарате исплата и да поднесете апликација, земајќи ги предвид вашите конкретни околности.

# Get started with myGov

myGov is a simple and secure way to access government services online, all in one place.

## What you can do with a myGov account

- Link government services to your myGov account, such as Medicare, Centrelink and the Australian Taxation Office. Then you can do things like lodge your tax return, claim payments, report income and manage your super all in one place.
- You can get messages from some linked government services in your myGov Inbox.
- After you sign into your myGov account, your personalised homepage makes it easy to see your Inbox messages, some payments and your linked services in one place.
- At any time you can browse myGov for information about government payments and services organised by major events in your life, making it easier for you to find the support you need.

### Download the myGov app

The myGov app is a secure and convenient option to use myGov on your mobile.

Find out more and download the app at **my.gov.au/app**

## How to create a myGov account

You'll need your own email address or a Digital Identity. Follow these steps to create an account with an email address.

1. Go to **my.gov.au** and select **Create account**.
2. Select **Continue with email** and agree to the terms of use and privacy notice.
3. Enter an email address. The same email can't be used for two myGov accounts. If you share an email address with someone, only one of you can use it to create a myGov account.
4. Enter the code we sent to your email.
5. Enter your mobile number and enter the code we send you. If you don't have a mobile phone or mobile reception, skip this step.
6. Enter and re-enter a password. It must have at least 10 characters and include at least 1 letter and 1 number. Passwords are case sensitive, can have spaces and any of the following special characters: ! @ # $ % ^ & *
7. Choose 3 secret questions and answers or write your own. Answers aren't case sensitive.
8. You've created a myGov account!

For your security, remember to sign out of your linked services and myGov account, and close your browser when you've finished.

## Need help?

- If you need help using myGov or signing into myGov, call **132 307** and select **Option 1** for the myGov helpdesk, which operates from:
  - Monday to Friday 7:00am – 10:00pm
  - Saturday to Sunday 10:00am – 5:00pm.

- If you’re outside Australia, Call **+61 1300 169 468** and select **Option 1**. International call charges apply.
- For detailed steps on how to link services and manage your myGov account, go to **my.gov.au/help**
- Follow us on Twitter @**myGovau**
- Watch myGov videos at **youtube.com/mygovau**

Note: calls from your home phone to ‘13’ numbers from anywhere in Australia are charged at a fixed rate. That rate may vary from the price of a local call and may also vary between telephone service providers. Calls to ‘1800’ numbers from your home phone are free. Calls from public and mobile phones may be timed and charged at a higher rate.

## Disclaimer

The information contained in this publication is intended only as a guide to payments and services. It’s your responsibility to decide if you wish to apply for a payment and to make an application with regard to your particular circumstances.